**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА УЧЕБНИКОТ „ЕКОНОМИКА НА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ“ ОД Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр.2102-118/3 од 167. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 21.3.2017 година, избрана е Rецензентска комисија во состав:

– д-р Милена Талеска, доцент, Институт за географија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје<
– д-р Златко Јаковлев, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЕКОНОМИКА НА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ“** од **проф. д-р Билјана Петревска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „ЕКОНОМИКА НА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ“ е наменет првенствено за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика како основна литература при реализација на наставната програма по задолжителниот предмет Економика на угостителство и туризам (II семестар, број на часови 2+2+1) на насоките: Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 12 и има вкупно 312 страници. Предложениот обем и содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите на прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за задолжителниот предмет Економика на угостителство и туризам.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во дванаесет глави кои меѓу себе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на економските аспекти на угостителството и туризмот. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава. Скриптата се состои од дванаесет тематски целини: 1. Економиката на угостителство и туризам како научна дисциплина; 2. Угостителството и туризмот како стопански дејности; 3. Влијанија на угостителството и туризмот; 4. Средства во угостителството и туризмот; 5. Трошоци во угостителството и туризмот; 6. Цени во угостителството и туризмот; 7. Калкулации во угостителството и туризмот; 8. Основни економски принципи на работењето во угостителството и туризмот; 9. Туристички пазар; 10. Туристичка политика; 11. Туристичко планирање и 12. Економика на туризмот на Македонија.

Во првата глава, насловена како *Економиката на угостителство и туризам како научна дисциплина*, обработени се најелементарните поими кои се однесуваат на запознавање со поимот, предметот на проучување и методологијата која ја користи оваа

наука. Во втората глава, насловена *Угостителството и туризмот како стопански дејности* се појаснети основните карактеристики, факторите, како и развојниот пат на угостителството и туризмот. Во третата глава акцентот е ставен на неекономските и економските ефекти на угостителството и туризмот, укажувајќи притоа на директните и индиректните влијанија, а во нивни рамки и на позитивните и негативните ефекти. Оваа глава е заокружена со појаснување на значењето на угостителството и туризмот, подетално образложувајќи ги мултипликативните ефекти и концептот на туристичка сателитска сметка. Четвртата глава, насловена како *Средства во угостителството и туризмот*, ги презентира најважните видови средства и нивните карактеристики. Имајќи предвид дека трошоците се еден од најзначајните елементи на економското работење, основните поими за нив се детално разработени во петтата глава. Шестата глава зборува за цените во угостителството, додека седмата глава дава појаснување за составувањето калкулации во угостителството и туризмот. Осмата глава е во целост посветена на основните економски принципи на работењето при што се разработени практични примери од угостителството и туризмот со цел нивно пресметување. Проблематиката поврзана со туристичкиот пазар е во детали обработена во деветтата глава, додека десеттата е посветена на туристичката политика. Единаесеттата глава дава приказ на концептот на туристичкото планирање заедно со еволутивниот пат, процесот и нивоата, целите, елементите и значењето. Главата е заокружена со проблематика за туристичкиот развоен план, и тоа: карактеристики, содржина и фази. Последната, дванаесетта глава обилува со податоци за економските аспекти на туризмот во Македонија

Со цел на студентите да им се овозможи полесно совладување на материјата, разбирање на посложените поими и поврзување на теоретските и методолошките концепти со практиката, по завршување на секоја глава, дадени се прашања за дискусија и проблеми за размислување кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја. Така, дадени се вежби во кои се вклучени многубројни примери кои имаат за цел сликовито да ја прикажат материјата и да ја доближат до студентите. На крајот на вежбите во кои постојат задачи понудено е решение за самопроверка на знаењето, со што се олеснува подготовката на испитот по предметот Економика на угостителство и туризам. На крајот од ракописот, соодветно се нотирани библиографските единици кои се цитирани во текстот, а се однесуваат на монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници.

Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големо стручно и научно познавање на третираната проблематика. Начинот на појаснување на сите сложени прашања од областа на економското работење на угостителството и туризмот, е многу пристапен со примена на примери од непосредната практика. Оттука, концизното и експлицитното презентирање на проблематика од оваа област дава голема можност за користење на овој материјал не само за студентите, туку и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК

Овој ракопис претставува успешен обид на авторот да претстави научен материјал со висок квалитет, во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на економските аспекти на угостителството и туризмот.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис-учебник насловен како „Економика на угостителство и туризам“ е во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Ракописот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Според наши сознанија, досега е објавена скрипта од истиот автор, но не и сеопфатен ракопис-учебник како овој. Така, учебник како овој кој по обемот и содржината на оригинален начин разработува примери, прашања и нуди решенија, а истовремено одговара на предвидената наставна програма по предметот Економика на угостителство и туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, не е објавен.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „ЕКОНОМИКА НА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ“ од авторот вон. проф. д-р Билјана Петревска да го прифати како УЧЕБНИК.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Милена Талеска, доцент, Институт за географија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.**